Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025

Извадок на дел од дневните настани 14.02.2025

На 13.02.2025 во 23.30 часот во с.Топлица, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода М.И.(36) од с.Добридол. При преглед кај него и во возилото „Форд фиеста" со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувал, бил пронајден и одземен кокаин. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот каде што живее, при што биле пронајдени и одземени кокаин, дигитална вага со остатоци од кокаин и други предмети со остатоци од кокаин. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 13.02.2025 во 09.00 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода А.Ф.(56) од Штип поради сомнение за сторени кривични дела по член 396 и член 379 од Кривичниот законик. При претрес во негов деловен објект во Штип, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 148 различни пиротехнички средства, 180 куршуми за ловечко и друго огнено оружје да различен калибар за производство, една ловечка пушка и документација за која постои сомнение дека е фалсификувана. Запознаен бил јавен обвинител, лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.02.2025 во 15.50 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Т.(36) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во 13.10 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.Л.(45) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во 23.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.И.(29) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во 23.25 часот во Скопје, на подрачјето на аеродромот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.О.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Одделот за истражување на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против Е.В.(20) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 23.01.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле претрес во домот каде што престојувал пријавениот, при што биле пронајдени и одземени автоматска пушка, две рамки и 30 куршуми.

На 13.02.2025 околу 14.30 часот на ул.„Владо Малески" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга ги привеле А.Б.(20) и К.К.(20), давајќи да Струга, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во 15.00 часот во СВР Скопје, од Казнено - поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека на иглапилото во установата биле пронајдени и одземени марихуана и рилка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.02.2025 во 18.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле А.С.(18) од с.Кондово, скопско, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во 19.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле И.В.(19) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (14.02.2025) во 05.30 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Ф.К.(23) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.02.2025 во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека околу 13.00 часот во с.Моштица, општина Македонска Каменица, движејќи се по некатегоризиран пат, патничко возило „лада" со регистарски ознаки од Македонска Каменица, управувано од Т.С.(53) од с.Саса, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатникот Е.С.(49) и Ј.С.(47) од с.Моштица, констатирани во Клиничка болница Штип. За настанот бил запознаен јавен обвинител, а увид извршила екипа од СВР Штип.

На 13.02.2025 во 16.30 часот во ОВР Кавадарци, К.В.(22) од Кавадарци пријавила дека на улица „Владимир Назор" во Кавадарци била касната од куче.

На 13.02.2025 во 13.40 часот во ОВР Гостивар, Х.Е.(24) од с.Врапчиште, гостиварско, пријавил дека на улица „Браќа Гиновски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 13.02.2025 во 16.20 часот во Радовиш, полициски службеници од ОВР Радовиш го лишиле од слобода С.С.(40) од Радовиш. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2025 во 02.00 часот во с.Дражево, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода М.М.(47) од с.Дражево, постапувајќи по претходна пријава дека на 13.02.2025 околу 18.30 часот во угостителски објект во с.Ново Село, струмичко, со остар предмет го нападнал Д.Г.(57) од с.Ново Коњарево, струмичко, и му нанел повреда. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.02.2025 во 17.20 часот во СВР Струмица, од Медицинскиот центар Струмица било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.Д.(63) од Кратово. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 15.30 часот при извршување градежни работи на објект на бул.„Гоце Делчев" во Струмица. Увид на местото извршиле увидна екипа на СВР Струмица и трудов инспектор.

На 13.02.2025 во 13.00 часот во СВР Скопје, М.С.(46) од Скопје пријавила дека на работното место во објект во трговски центар на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.02.2025 во 22.10 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ф.Ј.(45) од Скопје, во својство на згрижувач, пријавила дека од семејниот дом се одалечил нејзината штитеничка А.М.(14), која и претходно се одалечувала и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.02.2025 во 21.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.Н.(58) од Скопје, во својство на згрижувач, пријавил дека од семејниот дом се одалечил неговиот штитеник Н.С.(13), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Т.(34) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 25.12.2024 во неговиот дом, поради нерасчистени должничко- доверителски односи, пријавениот физички ги нападнал А.Б и А.Б..

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.К.(30) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено влегување во компјутерски систем" и против Г.К.(35) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „потпикнување" во врска со кривично дело „оштетување и неовластено влегување во компјутерски систем". Првопријавената, потпикната во второпријавениот, во декември 2024, отказо обезбедила дебитната картичка од едно лице, во два наврати неовластено реализирала две трансакции од вкупно 60.000 денари.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ш.Б.(60) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна лиценца". На 06.02.2025 во Дебар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „Фолксген пасат", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз без соодветна соодветна лиценца, издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетничка од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 17.12.2024, пријавената физички нападнала вработена во Јавната установа – Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Тетово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.М.(42) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 30.12.2024 во Гостивар, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој преземал службени дејствија.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.С.(50) и U.С.(57), давајќи да Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.11.2024 во парк во Куманово, пријавените физички го нападнале С.С. и му нанеле повреди.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против четири малолетници од Куманово и еден малолетник од с.Липково, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 02.12.2024 во Куманово, по претходна расправија, пријавените физички нападнале тројца други малолетници.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Т.К.(45) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 19.01.2025 на плоштадот во Кратово, пријавениот физички го нападнал Љ.Т.(33) од Кратово и му го оштетил неговото патничко возило.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.П.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност во обид". Пријавениот, на едно лице од Штип му нудел пари за да го запали возилото на другото лице од Кочани.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.С.(54) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење службено дејствие. На 25.12.2024 во Гостивар, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Г.(26) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење службено дејствие". На 12.01.2025 во угостителски објект во с.Добридол, гостиварско, пријавената физички нападнала полициски службеник додека извршувал службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.О.(48) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста при семејно насилство". На 05.01.2025 во семејниот дом, пријавениот упатил закана со метален предмет кон неговата сопруга.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.О.(18) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.12.2024 во Струга, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Д.(43) од с.Ростуше, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 21.07.2024 во Маврово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен кокаин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Н.(42) од Сирија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 12.01.2025 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.К.(30) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.06.2025 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што бил пронајден и одземен кокаин, додека на 16.06.2024 во с.Пелинце, општина Старо Нагоричане, при преглед на објект, сопственост на јавно претпријатие, бил пронајден и одземен амфетамин, а затекнати биле пријавениот со уште едно лице.

СВР Битола поднесе кривична пријава против З.С.(43) и Е.Т.(36), давајќи да Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурзори". На 20.07.2023 во Битола, полициски службеници извршиле преглед над второпријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин, кои ги набавил од првопријавениот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.К.(39) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурзори" и против С.Н.(48) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи". На 30.08.2023 во Битола, полициски службеници извршиле претрес во домот на второпријавениот, при што биле пронајдени и одземени метамфетамин, која го набавил од првопријавениот и куршуми калибар 7,62 мм.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.М.(49) од Молдавија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификувана исправа". На 11.02.2025 на Граничен премин Деве Баир, на влез во државата, пријавениот на увид дал фалсификувана меѓународна зелена карта за товарното возило, кое го управувал.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ф.М.(34) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 16.01.2025 на магистралниот пат Кичево - Охрид, полициски службеници извршиле контрола на патничкиот, возило „ниса", управувано од пријавениот, при кој било констатирано дека на возилото биле поставени регистарски ознаки од друго возило.